Уп. бр. 08-10

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Авенгиро с.р.о. (Avengiro s.r.o. ) со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка, преку полномошник Татјана Поповски Булоски од Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 31.012024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Авенгиро с.р.о. (Avengiro s.r.o. ) со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка има намера да стекне целосна контрола врз Авенга Холдинг ДОО (Avenga Holding S.à r.l.) со седиште на 26А Боулевард Ројал Л-2449 Луксембург, по пат на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиi административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Авенгиро с.р.о. (Avengiro s.r.o. ) со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка со која Авенгиро с.р.о.., ќе стекне целосна контрола над Авенга Холдинг ДОО (Avenga Holding S.à r.l.) со седиште на 26А Боулевард Ројал Л-2449 Луксембург, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием

и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Авенгиро с.р.о** е дел од Групацијата ККЦГ, приватна инвестициска групација со повеќе од 6.000 вработени, која работи во 18 земји примарно активна во следните области:

- забава и игри: работа на лотарии и игри за обложување, грепки и платформи за онлајн игри;
- нафта, природен гас и инженерство: особено, истражување на нафта и гас, производство и трговија, дупчење и поправка на бунари, изградба и работа на подземни складишта за природен гас, производство и продажба на метанол; во машинството, тој главно се фокусира на индустриски фитинзи, цевки за проводници, компоненти на канали и поставување цевки за изградба и реконструкција на инвестициски единици;
- технологија: обезбедување на ИТ услуги, инвестиции во технолошки старт-ап и истражување, развој и продажба на иновативни медицински помагала за да им се помогне на пациентите да останат активни и самодоволни (биотехнологии); и
- недвижен имот: комерцијален и станбен развој.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Киншифт ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации Киншифт Академи ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

**Авенга Холдинг ДОО** е холдинг компанија на различни меѓународни правни субјекти (Авенга и нејзините подружници, заедно „Групација Авенга“) обезбедува сложени софтверски инженерски услуги, испорака на сложени/големи софтверски проекти и ИТ консалтинг. Групација Авенга е со седиште во Германија и има свои главни канцеларии лоцирани во Германија, Полска, Украина, САД, Малезија, Малта и Аргентина.
Авенга Холдинг ДОО не е присутна во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**